**З А П И С Н И К**
**од Сто и седмата седница на Владата на Република Македонија,**
**одржана на 11.12.2018 година**

**Скопје, декември 2018 година**

**З А П И С Н И К**
**од Сто и седмата седница на Владата на Република Македонија,**
**одржана на 11.12.2018 година**

Седницата започна во 12:50 часот.

На седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Македонија, Зоран Заев.

На седницата присуствуваа заменичката на претседателот на Владата на Република Македонија и министерка за одбрана, м-р Радмила Шекеринска, заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи и заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за спроведување на Рамковниот договор и политички систем, Хазби Лика, членовите на Владата на Република Македонија д-р Рената Дескоска, министерка за правда, д-р Драган Тевдовски, министер за финансии, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Венко Филипче, министер за здравство, Мила Царовска, министерка за труд и социјална политика, Сухејл Фазлиу, министер за локална самоуправа, Асаф Адеми, министер за култура, Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација, Садула Дураки, министер за животна средина и просторно планирање, Роберт Поповски, министер без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност, Едмонд Адеми, министер без ресор, задолжен за дијаспора, д-р Аднан Ќахил, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Аксел Ахмедовски, министер без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Македонија, д-р Бардуљ Даути, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Зорица Апостолска министерка без ресор, задолжена за странски инвестиции и д-р Зоран Шапуриќ, министер без ресор, задолжен за регулатива за подобрување на инвестиционата клима за домашните претпријатија, како и генералниот секретар на Владата на Република Македонија, д-р Драги Рашковски и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Македонија, Тахир Хани.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на Република Македонија на седницата присуствуваа и д-р Агим Нухиу, заменик на министерот за внатрешни работи, м-р Кире Наумов, заменик на министерот за економија, д-р Петар Атанасов заменик на министерот за образование и наука и Садик Беќири, заменик на министерот за транспорт и врски

На седницата присуствуваа и Миле Бошњаковски и Муамет Хоџа, портпароли на Владата на Република Македонија и Гордана Гапиќ Димитровска и Станислав Василковски, претставници од Министерството за информатичко општество и администрација.

Од седницата отсуствуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија и министер за внатрешни работи, Оливер Спасовски и заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, д-р Кочо Анѓушев и членовите на Владата на Република Македонија, м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, м-р

Крешник Бектеши, министер за економија, д-р Арбер Адеми, министер за образование и наука и м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски,

*

*　　　*

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

**Пред преминување на Дневен ред**

- Презентација за „отворени податоци“

**А. МАТЕРИЈАЛИ ЗА КОИ СЕ ВОДИ РАСПРАВА И СЕ ОДЛУЧУВА**

**а) Гости**

1. Предлог-програма за изменување и дополнување на Годишната програма за финансирање на железничката инфраструктура за 2018 година

2. Информација со Програма за изменување и дополнување на Среднорочната програма за работа на Фонд за иновации и технолошки развој за финансиска поддршка на микро, мали и средни претпријатија за период 2018-2020 година, со Предлог-одлука

3. Годишта сметка, финансиски извештаи и Извештај од раковоството на ЈП Македонска радиодифузија - Скопје за 2017 година, Извештај за работењето на ЈП Македонска радиодифузија во период од 1.1. до 31.12.2017 година, со Извештај на независниот ревизор, со Предлог-одлуки

4. Годишна сметка, Финансиски извештај и Годишен извештај за работењето на АД за производство на електрична енергија, Електрани на Македонија, во државна сопственост, Скопје за 2017 година, Извештај од Надзорниот одбор на АД за производство на електрична енергија, Електрани на Македонија, во државна сопственост, Скопје за 2017 година за извршената контрола и Извештај од независниот ревизор, со дополнување и Предлог-одлуки

5. Консолидирана годишна сметка и Консолидиран финансиски извештај на АД ЕЛЕМ-Скопје за 2017 година, со Извештај од независниот ревизор, со Предлог-одлука

6. Годишна сметка и финансиски извештаи за период од 1.1.2016 година до 31.12.2016 година на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје, ревидирани од Овластен ревизор и Годишен извештај за работата на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со

деловен простор од значење за Републиката-Скопје за 2016 година, со Предлог-одлуки

7. Годишна сметка, финансиски извештаи за период од 1.1.2017 година до 31.12.2017 година на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје, ревидирани од овластен ревизор и Годишен извештај за работата на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје за 2017 година, со Извештај на независниот ревизор, дополнувања кон материјалот и Предлог-одлуки

8. Предлог-одлука за давање согласност на Одлуката за изменување на Одлуката за утврдување на продажни цени за продажба на станови, деловен простор и паркинг места во подземен паркинг во објект 3.2, Ламела А, Ламела Б, Ламела В, Ламела Б1, Ламела Г и подземен паркинг П1-Комплекс источна индустриска зона во Скопје

9. Барање согласност за избор на овластен ревизор за ревизија на Годишната сметка и финансиските извештаи на Акционерското друштво за поштенски сообраќај „Македонска пошта“ - Скопје во државна сопственост за 2018 година, со Предлог-одлука

10. Информација во врска со спроведената постапка за јавна набавка на услуги за ревизија на годишните финансиски извештаи на Акционерското друштво за приредување игри на среќа Државна лотарија на Македонија Скопје за 2018 година, со Предлог-одлука

11. Информација за превентивните мерки кои ги презема Агенцијата за храна и ветеринарство во однос на болеста Африканска чума кај свињите во Република Македонија

12. Информација за неможност во рок од два часа по прием на примени пресуди од Државното правобранителство на Република Македонија да се доставуваат по електонска пошта и преку лична достава ДП.бр. 03-741/18-1

13. Предлог-одлука за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Македонија во Катастарот на недвижности (ДП.бр.03-601/18)

14. Предлог-одлука за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Македонија во Катастарот на недвижности (ДП.бр.03-874/18)

15. Предлог-одлука за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Македонија во Катастарот на недвижности (ДП.бр.03-873/18)

16. Информација за давање на трајно користење на деловна зграда вон стопанство на Општина Василево, со Предлог-одлуки

**б) Економски систем и тековна економска политика**

17. Предлог-програма за изменување и дополнување на Програмата за работи од областа на хидрометеоролошката дејност во 2018 година

18. Информација за распишување на Јавен повик 01/18 за прибирање на понуди за давање во закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост за површини до 3 хектари, со Предлог-решение

19. Информација за проценетите штети од неповолен климатски настан од трети до четврти февруари 2018 година, процесирани согласно Законот за земјоделство и рурален развој, со Предлог-програма и Предлог-одлука

20. Информација за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижност сопственост на Република Македонија, со Предлог-одлука

21. Информација за продажба на недвижни ствари во Прилеп, сопственост на Република Македонија - корисник Министерство за финансии, со Предлог-одлука за продажба на недвижни ствари во Прилеп

22. Информација за моменталната состојба со санација на фасадата на Железничката станица во Гевгелија, како дел од Договорот за рехабилитација, надградба и реконструкција на железничките станици по должина на Пан Европскиот Коридор 10, вклучувајќи го и кракот 10 Д, како и потребата од склучување на Анекс кон Договорот за градба со цел ставање во употреба на објектот до крајот на 2018 година

23. Информација во врска со барањето за промена на сопственичката структура во концесионерот Друштво за производство на електрична енергија „Барт енерџи“ ДОО Скопје, со Предлог-одлука

24. Информација за започнување на постапка за доделување на концесија за „Активна ремедијација со можност за повторно користење на хромната троска складирана на индустриското жариште - депонијата за индустриски отпад на ХЕК Југохром, с. Јегуновце, Тетовско, преку негов третман / преработка“

25. Информација за распределба на средствата од Буџетот на Република Македонија за 2018 година, Раздел 19101 - Министерство за локална самоуправа, Програма 4 - Активности поврзани со децентрализација, Подпрограма 40 - Активности поврзани со децентрализација, Категорија 46, Ставка 464 - Разни трансфери наменети за поддршка на имплементацијата на локалните акциски планови во единиците на локална самоуправа каде такви планови се усвоени, а се изработени врз основа на Стратегијата за Ромите во Република Македонија 2014 - 2020 година, со Предлог-одлука

26. Информација во врска со барање од Еуростандард банка АД Скопје за спогодбено надминување на спор од имотно-правен карактер

27. Информација за потпишување на меморандумот за соработка помеѓу Владата на Република Македонија, УНОПС и Министерството за надворешни работи на Кралството Норвешка, претставувано од амбасадата на Кралството Норвешка за Србија, Македонија и Црна Гора, со усогласен текст на Меморандум

**в) Политички систем**

28. Предлог-закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик

29. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за судовите

30. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за Судскиот совет на Република Македонија

31. Предлог-закон за извршување на санкциите

32. Предлог-закон за прекршоците

33. Информација со анализа за примената на Законот за правда за децата, за период јануари - јуни 2018 година

34. Извештај за учество на припадник на Армијата на Република Македонија во мировната операција на Обединетите Нации „УНИФИЛ" во Република Либан

35. Извештај за учество на припадници на Армијата на Република Македонија во мировната операција „Одлучна поддршка" во Исламската Република Авганистан

36. Информација за Акциски план на Националната стратегија за сајбер безбедност 2018-2022, со Акциски план

**г) Човечки ресурси и одржлив развој**

37. Предлог-закон за практикантство

38. Предлог-програма за изменување на Програмата за превентивни мерки за спречување на туберкулозата кај населението во Република Македонија за 2018 година

39. Предлог-програма за изменување на Програмата за обезбедување средства за болничко лекување без наплата на учество (партиципација) за пензионери и за обезбедување на средства за специјалистичко - консултативни и болнички здравствени услуги за децата на возраст до 18 години, чии семејства се корисници на правото на социјална парична помош во Република Македонија за 2018 година

40. Предлог-програма за изменување на Програмата за обезбедување на трошоците за болни кои се третираат со дијализа и активности за пациентите со хемофилија во Република Македонија за 2018 година

**41.** Предлог-програма за изменување на Програмата за задолжително здравствено осигурување на државјаните на Република Македонија кои не се задолжително здравствено осигурани за 2018 година

**42.** Предлог-програма за изменување на Програмата за заштита на населението од ХИВ инфекција во Република Македонија за 2018 година

**43.** Предлог-програма за изменување на Програмата за партиципација при користењето на здравствена заштита на одделни заболувања на граѓаните и здравствена заштита на родилките и доенчињата во Република Македонија за 2018 година

**44.** Предлог-програма за изменување на Програмата за едукација на лекари и медицински персонал и за кофинансирање на специјализација, односно супспецијализација на здравствените работници и здравствените соработници вработени во приватни здравствени установи, други правни лица и невработени за 2018 година

**45.** Предлог-програма за изменување на Програмата за лекување на ретки болести во Република Македонија за 2018 година

**46.** Предлог-програма за изменување на Програмата за организирање и унапредување на крводарителството во Република Македонија за 2018 година

**47.** Предлог-програма за изменување на Програмата за активна здравствена заштита на мајките и децата во Република Македонија за 2018 година

**48.** Информација за подготвениот Шести извештај за имплементацијата на Ревидираната Европска социјална повелба

**49.** Информација за отпочнување на постапката за формирање на Агенција за квалитетот во високото образование

**50.** Информација со Предлог-одлука за доделување на средства за реализирање на студиските програми за 2018 година на Приватната високообразовна установа Универзитет на Југоисточна Европа во Тетово

**51.** Информација со Предлог-одлуки за доделување на средства за реализирање на студиските програми за 2018 година на Православниот Богословски факултет „Св.Климент Охридски“ - Скопје придружна членка на Универзитет „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје и на Факултетот за Исламски науки - Скопје

## Б) МАТЕРИЈАЛИ ЗА КОИ СЕ ОДЛУЧУВА БЕЗ РАСПРАВА

### а) Економски систем и тековна економска политика

**52.** Предлог-одлука за изменување на Одлуката за намалување на цената на становите во општествена сопственост

**53.** Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари - прочистувачи на воздух

**54.** Предлог-одлука за дополнување на Одлуката за утврдување на стратешките приоритети на Владата на Република Македонија во 2019 година

**55.** Предлог-одлука за одобрување на средства од Буџетот на Република Македонија и Предлог-одлука за основање на Јавно претпријатие колекторски систем

**б) Политички систем**

**56.** Предлог-одлука за престанување на важењето на Одлуката за престанок и за давање на времено користење на недвижна ствар на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство - Управа за хидрометеоролошки работи

**57.** Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавната установа Национален парк Маврово, Маврови Анови

**58.** Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавната установа Национален парк Пелистер, Битола

**59.** Предлог-одлука за престанување на важењето на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Здружението Нуркачки центар „Амфора“ - Охрид

**60.** Предлог-одлука за изменување на Одлуката за формирање на Дигитален форум за информатичко комуникациски технологии и Предлог-решение за назначување на членови на дигиталниот форум за информатичко комуникациски технологии

**61.** Барање на Мехмед Баха Акдевелиоглу, за прием во државјанство на Република Македонија согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија

**в) Човечки ресурски и одржлив развој**

**62.** Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари на Јавната установа Меѓуопштински центар за социјална работа на Град Скопје

**63.** Предлог-одлука за отстапување на нафтени деривати од задолжителните резерви на нафта и нафтени деривати на Државниот студентски дом „Кочо Рацин“ - Битола

**г) Предлози по кои Владата дава мислење**

**(а) По барање на Собранието на Република Македонија**

**64.** Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за заштита и благосостојба на животните, поднесен од група пратеници

65. Информација за енормното загадување на амбиентниот воздух во Република Македонија, подготвена од група пратеници

(б) **По барање на органи, организации и други правни лица**

66. Статут на Приватната високообразовна установа - Висока стручна школа - Факултет за бизнис економија - Скопје

67. Понуда од нотар Александра Петровска Ангеловска од Битола, за продажба на недвижен имот со имотен лист бр. 28297 за КО Битола и Имотен лист бр. 96116 за КО Битола 3 на КП бр. 11756

68. Понуда од нотар Стела Лазаревска од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 4225 за КО Горно Лисиче на КП бр. 4009 место викано Пинтија

69. Известување од извршител Јадранка Јовановска од Куманово за Налог за извршување кај пристапување кон извршување (врз основа на член 169 од Законот за извршување), под И.бр. 453/15 од 3.11.2018 година и Налог за извршување на недвижност (врз основа на член 166 од Законот за извршување) под И.бр. 625/18 од 2.11.2018 година

**д) Други предлози**

70. Кадровски прашања

71. Прашања и предлози

**В) ЗА ИНФОРМИРАЊЕ**

72. Информација за преземените мерки и активности во врска со старите и неупотребливи возила, со табеларен преглед

73. Тримесечен извештај за финансиското работење на ЈП „Агро - Берза“ - Скопје за периодот јули - септември 2018 година

74. Тримесечен финансиски извештај за работењето на АД „ТЕЦ Неготино“, за периодот јули - септември 2018 година, со дополнување

75. Информација за реализација на Акцискиот план за категоризација на одгледувалиштата на молзни грла според ризик за унапредување на квалитетот на суровото млеко за периодот од април 2018 година до септември 2018 година

76. Информација за подобрување на деловното опкружување и подигање на рангот на Република Македонија кај индикаторот - Услови за прекугранично тргување „Doing Business“ на Светска банка од страна на Државниот санитарен и здравствен инспекторат

77. Информација за недвижен имот стекнат во постапка на присилна наплата на побарувањата на Министерството за финансии во периодот од 1.1.2018 година до 30.6.2018 година

78. Информација за бројот на запишани студенти во прва година - прв циклус на студии на јавните високообразовни установи во Република Македонија во студиската 2018/2019 година, во споредба со минатата академска година

## Г) ДОПОЛНИТЕЛНИ ТОЧКИ

79. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за Управата за јавни приходи, по скратена постапка

80. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за банките, по скратена постапка

81. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за вршење на услуги брз трансфер на пари

82. Предлог-уредба за изменување и дополнување на Уредбата за спроведување на Царинскиот закон

83. Предлог-одлука за изменување на Одлуката за ослободување од обврска за користење на интегриран автоматски систем за управување на вршителите на авто - такси превоз на патници

84. Предлог-одлука за изменување на Одлуката за исплата на средства од Буџетот на Република Македонија за 2018 година (бр.44-10476/1 од 4.12.2018 година)

85. Предлог-одлука за изменување на Одлуката за исплата на средства од Буџетот на Република Македонија за 2018 година (бр. 44-9835/1 од 13.11.2018 година)

86. Предлог-одлука за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Македонија за 2018 година

87. Предлог-одлука за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Македонија за 2018 година

88. Информација за давање на согласност за распишување на Јавен оглас бр.12/18 за давање во закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост за површини над 3 хектари по пат на електронско јавно наддавање, со Предлог-одлука и Предлог-решение

89. Информација за потребата од донесување на Закон за изменување на Законот за поштенските услуги, со Предлог-закон

90. Информација за стечајната постапка на „Сувенир“ АД-во стечај од Самоков

91. Информација за исполнетост на условите на Друштвото за производство и трговија Бул - Билдинг ДООЕЛ Пробиштип за вршење на дејност одгледување на канабис за медицински цели, со Предлог-одлука

92. Информација за состојбата во Јавната научна установа Институт за филм - Филмска академија во Охрид

*

*  *

**Пред преминување на Дневен ред:**

**Презентација за „отворени податоци“**

Владата се информира за подготовката на единствениот веб портал за отворени податоци, кој ќе биде промовиран на 24 декември 2018 година, како централна точка за објавување отворени податоци од страна на сите министерства, со цел дополнително зголемување на транспарентноста и отчетноста кон граѓаните.

*

*  *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**<u>Точка 1</u>**

Владата го донесе новиот текст на Програмата за изменување и дополнување на Годишната програма за финансирање на железничката инфраструктура за 2018 година, во предложениот текст.

**<u>Точка 2</u>**

Владата ја разгледа Информацијата со Програма за изменување и дополнување на Среднорочната програма за работа на Фонд за иновации и технолошки развој за финансиска поддршка на микро, мали и средни претпријатија за период 2018-2020 година, со Предлог-одлука (нов текст) и ја усвои со следните заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за давање согласност на Програмата за изменување и дополнување на Среднорочната програма за работа на Фонд за иновации и технолошки развој за финансиска поддршка на микро, мали и средни претпријатија за период 2018-2020 година.

2. Се укажува на Фондот за иновации и технолошки развој, да ги предвидува потребните буџетски средства за следни јавни повици во буџетските формулари за секоја фискална година, а Министерството за финансии истите да ги земе предвид при изготвување на Буџетот на Република Македонија за соодветната фискална година.

**<u>Точка 3</u>**

Владата по Годишната сметка, финансиските извештаи и Извештајот од раковоството на ЈП Македонска радиодифузија - Скопје за 2017 година, Извештајот за работењето на ЈП Македонска радиодифузија во период од 1.1. до 31.12.2017 година, со Извештај на независниот ревизор, ги донесе новите текстови на:

1. Одлуката за давање согласност на Годишната сметка на Јавното претпријатие Македонска радиодифузија - Скопје за 2017 година, во предложениот текст.

2. Одлуката за давање согласност на Извештајот за работењето на Јавното претпријатие Македонска радиодифузија - Скопје во период од 1.1.2017 до 31.12.2017 година, во предложениот текст.

3. Одлуката за давање согласност на Одлуката за распоредување на вишокот на средства остварени од работењето на Јавното претпријатие Македонска радиодифузија - Скопје во 2017 година, во предложениот текст.

**Точка 4**

Владата по Годишната сметка, Финансискиот извештај и Годишниот извештај за работењето на АД за производство на електрична енергија, Електрани на Македонија, во државна сопственост, Скопје за 2017 година, Извештајот од Надзорниот одбор на АД за производство на електрична енергија, Електрани на Македонија, во државна сопственост, Скопје за 2017 година за извршената контрола и Извештајот од независниот ревизор, со дополнувањето и Предлог-одлуки (нов текст) ги донесе новите текстови на:

1. Одлуката за одобрување на Годишната сметка и Финансискиот извештај за работењето на Акционерското друштво за производство на електрична енергија, Електрани на Македонија, во државна сопственост, Скопје за 2017 година со Извештајот од Независниот ревизор,

2. Одлуката за одобрување на Годишниот извештај за работата на Акционерското друштво за производство на електрична енергија, Електрани на Македонија, во државна сопственост, Скопје, за 2017 година,

3. Одлуката за одобрување на работењето на член на Управен одбор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија, Електрани на Македонија, во државна сопственост, Скопје, за 2017 година (д-р Драган Миновски - претседател на Управен одбор за период од 5.8.2017 година до 31.12.2017 година),

4. Одлуката за одобрување на работењето на член на Управен одбор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија, Електрани на Македонија, во државна сопственост, Скопје, за 2017 година (Фатмир Лимани за период од 1.1.2017 година до 31.12.2017 година),

5. Одлуката за одобрување на работењето на член на Управен одбор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија, Електрани на Македонија, во државна сопственост, Скопје, за 2017 година (Ѓорѓи Михаилов за период од 5.8.2017 година до 31.12.2017 година),

6. Одлуката за одобрување на работењето на член на Управен одбор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија, Електрани на Македонија, во државна сопственост, Скопје, за 2017 година (Добрила Стефаноска за период од 5.8.2017 година до 31.12.2017 година),

7. Одлуката за одобрување на работењето на член на Управен одбор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија, Електрани на Македонија, во државна сопственост, Скопје, за 2017 година (Благојче Трповски за период од 5.8.2017 година до 31.12.2017 година),

8. Одлуката за одобрување на работењето на член на Управен одбор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија, Електрани на Македонија, во државна сопственост, Скопје, за 2017 година (Марјанчо Николов за период од 5.8.2017 година до 31.12.2017 година),

9. Одлуката за одобрување на работењето на член на Управен одбор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија, Електрани на Македонија, во државна сопственост, Скопје, за 2017 година (Иван Трпески за период од 5.8.2017 година до 31.12.2017 година),

10. Одлуката за одобрување на работењето на член на Надзорниот одбор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија, Електрани на Македонија, во државна сопственост, Скопје, за 2017 година (м-р Верица Узунова - претседател на Надзорен одбор за период од 3.8.2017 година до 31.12.2017 година),

11. Одлуката за одобрување на работењето на член на Надзорниот одбор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија, Електрани на Македонија, во државна сопственост, Скопје, за 2017 година (Ѓоко Ташев за период од 3.8.2017 година до 12.12.2017 година),

12. Одлуката за одобрување на работењето на член на Надзорниот одбор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија, Електрани на Македонија, во државна сопственост, Скопје, за 2017 година (д-р Златко Петрески за период од 3.8.2017 година до 31.12.2017 година),

13. Одлуката за одобрување на работењето на член на Надзорниот одбор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија, Електрани на Македонија, во државна сопственост, Скопје, за 2017 година (д-р Сашо Додовски за период од 3.8.2017 година до 31.12.2017 година),

14. Одлуката за одобрување на работењето на член на Надзорниот одбор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија, Електрани на Македонија, во државна сопственост, Скопје, за 2017 година (Љубчо Кижевски за период од 3.8.2017 година до 31.12.2017 година),

15. Одлуката за одобрување на работењето на член на Надзорниот одбор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија, Електрани на Македонија, во државна сопственост, Скопје, за 2017 година (д-р Садудин Ибраими независен член за период од 22.8.2017 година до 31.12.2017 година) и

16. Одлуката за распределба на добивка по Годишна сметка на Акционерското друштво за производство на електрична енергија, Електрани на Македонија, во државна сопственост, Скопје, за 2017 година,

во предложените текстови.

Истовремено, Владата заклучи:

1. Да не ја донесе Одлуката за одобрување на работењето на член на Надзорниот одбор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија, Електрани на Македонија, во државна сопственост, Скопје, за 2017 година (д-р Ристо Ачкоски за период од 1.1.2017 до 11.7.2017 година).

2. Да не ја донесе Одлуката за одобрување на работењето на член на Надзорниот одбор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија, Електрани на Македонија, во државна сопственост, Скопје, за 2017 година (Дончо Коевски за период од 1.1.2017 до 11.7.2017 година).

3. Да не ја донесе Одлуката за одобрување на работењето на член на Надзорниот одбор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија, Електрани на Македонија, во државна сопственост, Скопје, за 2017 година (м-р Донка Марковска (независен член) за период од 1.1.2017 до 11.7.2017 година).

4. Да не ја донесе Одлуката за одобрување на работењето на член на Надзорниот одбор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија, Електрани на Македонија, во државна сопственост, Скопје, за 2017 година (Сефедин Халити за период од 1.1.2017 до 11.7.2017 година).

5. Да не ја донесе Одлуката за одобрување на работењето на член на Управниот одбор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија, Електрани на Македонија, во државна сопственост, Скопје, за 2017 година (д-р Христијан Мицкоски - претседател на Управен одбор за период од 1.1.2017 до 5.8.2017 година).

6. Да не ја донесе Одлуката за одобрување на работењето на член на Управниот одбор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија, Електрани на Македонија, во државна сопственост, Скопје, за 2017 година (м-р Александар Пауновски за период од 1.1.2017 до 5.8.2017 година).

7. Да не ја донесе Одлуката за одобрување на работењето на член на Управниот одбор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија, Електрани на Македонија, во државна сопственост, Скопје, за 2017 година (д-р Анита Стамнова за период од 1.1.2017 до 5.8.2017 година).

8. Да не ја донесе Одлуката за одобрување на работењето на член на Управниот одбор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија, Електрани на Македонија, во државна сопственост, Скопје, за 2017 година (Гордана Димитриеска Кочоска за период од 1.1.2017 до 5.8.2017 година).

9. Да не ја донесе Одлуката за одобрување на работењето на член на Управниот одбор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија, Електрани на Македонија, во државна сопственост, Скопје, за 2017 година (м-р Иван Куковски за период од 1.1.2017 до 5.8.2017 година).

10. Да не ја донесе Одлуката за одобрување на работењето на член на Управниот одбор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија, Електрани на

Македонија, во државна сопственост, Скопје, за 2017 година (м-р Симон Зафироски за период од 1.1.2017 до 15.3.2017 година).

Исто така, АД за производство на електрична енергија, Електрани на Македонија, во државна сопственост, Скопје да ги има предвид укажувањата изнесени во Мислењето на Министерството за финансии:

- дека потребно е доставената Предлог-одлука за распределба на добивката на друштвото за 2017 година да се корегира, така што во истата ќе биде содржан износот на средства за секоја намена за која се распределува прикажаната добивка согласно наведениот законски основ,

- во Билансот на состојба, Друштвото има прикажано пренесена загуба во износ од 239.300.244 денари, во однос на реализираните помалку продуктивни расходи потребно е надлежните органи на Друштвото да преземаат мерки за нивно намалување во вкупниот износ на расходи,

- надлежните органи на Друштвото да ја информираат Владата на Република Македонија за преземените активности по однос на дадените забелешки во Извештајот на независниот ревизор и

- во однос на доставените акти за работењето на Друштвото за 2017 година, потребно е истите да бидат разгледани на Годишно собрание, согласно член 383, став 2 од Законот за трговски друштва.

**Точка 5**

Владата по Консолидираната годишна сметка и Консолидиран финансиски извештај на АД ЕЛЕМ-Скопје за 2017 година, со Извештај од независниот ревизор го донесе најновиот текст (11.12.2018 година) на Одлуката за одобрување на Консолидираната годишна сметка и консолидираните финансиски извештаи на Акционерското друштво за производство на електрична енергија, Електрани на Македонија, во државна сопственост, Скопје, за 2017 година, во предложениот текст.

Истовремено, Владата ги донесе следниве заклучоци:

1. Се укажува на АД „ЕЛЕМ“ во рок од 30 дена да достави прецизна информација за постапката со котлите во РЕК Битола, како и дадените аванси кон добавувачи и евиденцијата на останати материјални средства (инвестиција во регионален пат Новаци - Брод - Неготино).

2. Се укажува на АД „ЕЛЕМ“ во рок од 30 дена да достави прецизна информација за можноста за ослободување од неенергетските проекти, посебно за Попова Шапка.

Исто така, да се има предвид мислењето на Министерството за финансии со укажувања:

- надлежните органи на АД „ЕЛЕМ“ - Скопје да доставаат образложение за преземените и планираните мерки за покривање на загубата, согласно актите со кои се регулираат меѓусебните односи на основачот со останатите друштва,

-за преземените активности по однос на дадените забелешки во Извештајот на независниот ревизор,

- подетално да бидат образложени активностите кои се преземаат во однос на прашањата кои се нагласени од страна на ревизорот, а се однесуваат на дадените аванси кон добавувачи и евиденцијата на останати материјални средства (инвестиција во регионален пат Новаци - Брод - Неготино).

## Точка 6

Владата по Годишната сметка и финансиските извештаи за период од 1.1.2016 година до 31.12.2016 година на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје, ревидирани од Овластен ревизор и Годишениот извештај за работата на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје за 2016 година, со предлог-одлуки ги донесе новите текстови на:

1. Одлуката за одобрување на Годишната сметка и финансиските извештаи за период од 1.1.2016 до 31.12.2016 година на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје, во предложениот текст.

2. Одлуката за одобрување на Годишниот извештај за работата на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје за 2016 година, во предложениот текст.

3. Одлуката за распределба на добивката по Годишната сметка за 2016 година на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје, во предложениот текст.

Истовремено, Владата:

- не ја донесе Одлуката за одобрување на работењето на членот на Одборот на директори на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје за 2016 година (Цветко Грозданов - Извршен член на Одбор на директори);

- не ја донесе Одлуката за одобрување на работењето на членот на Одборот на директори на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје за 2016 година (Шукри Масурица- неизвршен член на Одбор на директори);

- не ја донесе Одлуката за одобрување на работењето на членот на Одборот на директори на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје за 2016 година (Берат Мехмеди-неизвршен член на Одбор на директори);

- не ја донесе Одлуката за одобрување на работењето на членот на Одборот на директори на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен

простор од значење за Републиката - Скопје за 2016 година (Ајдар Мемет- независен неизвршен член на Одбор на директори);

- не ја донесе Одлуката за одобрување на работењето на членот на Одборот на директори на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје за 2016 година (Андријана Стојановска-Аврамовска - претседател на Одбор на директори за период од 13.1.2016 година до 31.12.2016 година);

- не ја донесе Одлуката за одобрување на работењето на членот на Одборот на директори на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје за 2016 година (Тони Димитриоски - претседател на Одбор на директори за период од 1.1.2016 година до 12.1.2016 година).

## Точка 7

Владата по Годишната сметка, финансиските извештаи за период од 1.1.2017 година до 31.12.2017 година на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје, ревидирани од овластен ревизор и Годишниот извештај за работата на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје за 2017 година, со Извештај на независниот ревизор, дополнувања кон материјалот и предлог-одлуки, ги донесе новите текстови на:

1. Одлуката за одобрување на Годишната сметка и финансиските извештаи за период од 1.1.2017 година до 31.12.2017 година на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје;

2. Одлуката за одобрување на Годишниот извештај за работата на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје за 2017 година;

3. Одлуката за распоредување на добивката на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје за 2017 година;

4. Одлуката за одобрување на работењето на членот на Одборот на директори на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје за 2017 година (Кристијан Трајковски - Извршен член на Одбор на директори за период од 3.8.2017 година - 31.12.2017 година);

5. Одлуката за одобрување на работењето на членот на Одборот на директори на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје за 2017 година (Џеват Исени - претседател на Одбор на директори за период од 3.8.2017 година - 31.12.2017 година);

6. Одлуката за одобрување на работењето на членот на Одборот на директори на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен

простор од значење за Републиката - Скопје за 2017 година (Силвана Јовчевска - независен неизвршен член на Одбор на директори за период од 3.8.2017 година - 31.12.2017 година);

7. Одлуката за одобрување на работењето на членот на Одборот на директори на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје за 2017 година (Дејан Арсовски - неизвршен член на Одбор на директори за период од 3.8.2017 година - 26.9.2017 година) и

8. Одлуката за одобрување на работењето на членот на Одборот на директори на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје за 2017 година (Александар Цуцулоски - неизвршен член на Одбор на директори за период од 26.9.2017 година -31.12.2017 година), во предложените текстови.

Истовремено, Владата:

- Не ја донесе Одлуката за одобрување на работењето на членот на Одборот на директори на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје за 2017 година (Цветко Грозданов-извршен член на Одбор на директори за период од 1.1.2017 година - 11.7.2017 година),

- Не ја донесе Одлуката за одобрување на работењето на членот на Одборот на директори на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје за 2017 година (Шукри Масурица - неизвршен член на Одбор на директори за период од 1.1.2017 година - 11.7.2017 година),

- Не ја донесе Одлуката за одобрување на работењето на членот на Одборот на директори на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје за 2017 година (Берат Мехмеди - неизвршен член на Одбор на директори за период од 1.1.2017 година- 11.7.2017 година),

- Не ја донесе Одлуката за одобрување на работењето на членот на Одборот на директори на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје за 2017 година (Ајдар Мемет - независен неизвршен член на Одбор на директори за период од 1.1.2017 година- 11.7.2017 година),

- Не ја донесе Одлуката за одобрување на работењето на членот на Одборот на директори на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје за 2017 година (Андријана Стојановска-Аврамовска - претседателка на Одборот на директори за период од 1.1.2017 година - 11.7.2017 година).

## Точка 8

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност на Одлуката за изменување на Одлуката за утврдување на продажни цени за продажба на станови, деловен простор и паркинг места во подземен паркинг во објект 3.2, Ламела А, Ламела Б, Ламела В, Ламела Б1, Ламела Г и подземен паркинг П1-Комплекс источна индустриска зона во Скопје, во предложениот текст.

**Точка 9**

Владата го одложи разгледувањето на Барањето согласност за избор на овластен ревизор за ревизија на Годишната сметка и финансиските извештаи на Акционерското друштво за поштенски сообраќај „Македонска пошта“ - Скопје во државна сопственост за 2018 година, со Предлог-одлука, за наредната седница на Владата, откако претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика, поради потребата одговорното лице во правното лице да донесе одлука за избор на најповолна понуда, врз основа на која Владата ќе донесе одлука за избор на овластен ревизор за ревизија.

**Точка 10**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со спроведената постапка за јавна набавка на услуги за ревизија на годишните финансиски извештаи на Акционерското друштво за приредување игри на среќа Државна лотарија на Македонија Скопје за 2018 година, со Предлог-одлука (нов текст), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за избор на овластен ревизор за ревизија на годишните финансиски извештаи за 2018 година на Акционерското друштво за приредување игри на среќа Државна лотарија на Македонија Скопје, во предложениот текст.

**Точка 11**

Владата ја разгледа Информацијата за превентивните мерки кои ги презема Агенцијата за храна и ветеринарство во однос на болеста Африканска чума кај свињите во Република Македонија и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Агенцијата за храна и ветеринарство да спроведе дополнителен попис на сите одгледувалишта на свињи најдоцна до 31 декември 2018 година и за тоа да ја извести Владата, најдоцна до 31 јануари 2019 година.

2. Се задолжува Царинската управа, до 31 март 2019 година да ги зголеми контролите на личен багаж на граничните премини за влез во Република Македонија.

3. Се препорачува на Заедницата на единиците на локалната самоуправа во соработка со општините најдоцна до 31 јануари 2019 година да определат локации за закопување на мршите, како и да донесат одлуки за ангажирање на тешка механизација и техничка опрема во случај на појава на болеста и за тоа да ја известат Агенцијата за храна и ветеринарство.

4. Се задолжува Државниот инспекторат за шумарство и ловство до 31 март 2019 година да ја зајакне контролата на ловните друштва и концесионерите и да ги задолжи доколку се открие угината дива свиња мршата да не се поместува и веднаш да се повика надлежниот официјален ветеринар.

5. Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство да и достави на Агенцијата за храна и ветеринарство податоци за бројната состојба на диви свињи како и површината на секое ловиште во Република Македонија, најдоцна до 24 декември 2018 година.

6. Се задолжува Министерството за внатрешни работи - Граничната полиција да ги зајакне контролите заради спречување на нелегална трговија со живи животни и доколку откријат угината дива свиња мршата да не ја поместуваат, туку веднаш да го повикаат официјалниот ветеринар.

## Точка 12

Владата ја разгледа Информацијата за неможност во рок од два часа по прием на примени пресуди од Државното правобранителство на Република Македонија да се доставуваат по електонска пошта и преку лична достава ДП.бр. 03-741/18-1, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата заклучи Заклучокот од 93-та седница на Владата на Република Македонија, одржана на 9.10.2018, точка 69 Прашања и предлози да се преформулира и да гласи:

Се задолжува Државното правобранителство на Република Македонија, добиените (примени) пресуди, истиот ден по нивното примање, освен по пошта, да ги доставува и по електронска пошта и преку лична достава до засегнатата институција и до кабинетот на функционерот кој раководи со институцијата, со цел запазување на роковите за навремено поднесување на жалби по пресуди“.

## Точка 13

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Македонија во Катастарот на недвижности (ДП.Бр.03-601/18), во предложениот текст.

## Точка 14

Владата ја донесе Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Македонија во Катастарот на недвижности (нов текст), во предложениот текст, со заклучок до потпишување на Одлуката, Секретаријатот за законодавство да организира и одржи координативен состанок со Агенцијата за катастар на недвижности во однос на усогласување на текстот на Одлуката, (согласно различната содржина од мислењата на Агенцијата за катастар на недвижности по однос на точките 14 и 15 од оваа седница), со цел воспоставување на унифициран начин на подготвување на ваков тип на одлуки.

## Точка 15

Владата ја донесе Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Македонија во Катастарот на недвижности (најнов текст), во предложениот текст, со заклучок до потпишување на Одлуката, Секретаријатот за законодавство да организира и одржи координативен состанок со Агенцијата за катастар на недвижности во однос на усогласување на текстот на Одлуката, (согласно различната содржина од мислењата на Агенцијата за катастар на недвижности по однос на точките 14 и 15 од оваа седница), со цел воспоставување на унифициран начин на подготвување на ваков тип на одлуки.

**Точка 16**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на трајно користење на деловна зграда вон стопанство на Општина Василево, со Предлог-одлуки, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за изземање од стопанисување на недвижни ствари од Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост - Скопје.

На наредната седница на Владата да се разгледа Предлог-одлуката за давање на трајно користење на недвижни ствари на Општина Василево.

**Точка 17**

Владата го донесе најновиот текст на Програмата за изменување и дополнување на Програмата за работи од областа на хидрометеоролошката дејност во 2018 година, во предложениот текст.

**Точка 18**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за распишување на Јавен повик 01/18 за прибирање на понуди за давање во закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост за површини до 3 хектари, со Предлог-решение, за наредната седница на Владата, што ќе се одржи на 12.12.2018 година.

**Точка 19**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за проценетите штети од неповолен климатски настан од трети до четврти февруари 2018 година, процесирани согласно Законот за земјоделство и рурален развој, со Предлог-програма и Предлог-одлука и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го донесе новиот текст на Програмата за изменување и дополнување на Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2018 година, во предложениот текст.

2. Го донесе новиот текст на Одлуката за утврдување на дополнителна помош за исплата на загуби предизвикани од природни непогоди и неповолни климатски настани.

**Точка 20**

Владата ја разгледа Информацијата за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижност сопственост на Република Македонија, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижност сопственост на Република Македонија, во предложениот текст.

**Точка 21**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за продажба на недвижни ствари во Прилеп, сопственост на Република Македонија - корисник Министерство за финансии, со

Предлог-одлука за продажба на недвижни ствари во Прилеп, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за продажба на недвижни ствари во Прилеп, во предложениот текст.

**Точка 22**

Владата ја разгледа Информацијата за моменталната состојба со санација на фасадата на Железничката станица во Гевгелија, како дел од Договорот за рехабилитација, надградба и реконструкција на железничките станици по должина на Пан Европскиот Коридор 10, вклучувајќи го и кракот 10 Д, како и потребата од склучување на Анекс кон Договорот за градба со цел ставање во употреба на објектот до крајот на 2018 година и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за финансии да обезбеди дополнителни средства во износ од не повеќе од 40.000 евра за потребата од склучување на Анекс кон Договорот за градба со изведувачот на работите „Конструктор Рената“ ДОО, со цел ставање во употреба на објектот до крајот на 2018 година.

2. Се задолжува Министерството за финансии - ЦФЦД да спроведе постапка за склучување на Анекс кон Договорот за градба со изведувачот на работите „Конструктор Рената“ ДОО врз основа на добиено позитивно мислење од Министерството за транспорт и врски и ЈП Македонски железници - „Инфраструктура“, а по добиено одобрување од страна на Делегацијата на Европска Унија во Скопје да пристапи кон склучување на Анекс кон Договорот за градба до крајот на 2018 година.

3. Се задолжува НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј Струмица во рок од седум дена до Министерството за финансии и Министерството за транспорт и врски да достави мислење со кое ќе се произнесе по однос на предложените цени од позициите кои произлегуваат од конзерваторскиот проект.

**Точка 23**

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата во врска со барањето за промена на сопственичката структура во концесионерот Друштво за производство на електрична енергија „Барт енерџи“ ДОО Скопје, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за пренос на удел од содружникот ДТПИУ „Тоља“ ДООЕЛ с. Радуша, Скопје на ДПГТУТУ „Урбан план конструктион УПЦ, Urban plan construction UPC” ДООЕЛ Тетово во концесионерот ДПЕЕ „Барт енерџи“ ДОО Скопје, во предложениот текст.

**Точка 24**

Владата го одложи за втората наредна седница разгледувањето на Информацијата за започнување на постапка за доделување на концесија за „Активна ремедијација со можност за повторно користење на хромната троска складирана на индустриското жариште - депонијата за индустриски отпад на ХЕК Југохром, с. Јегуновце, Тетовско, преку негов третман / преработка“, поради потребата од дополнителни усогласувања со Министерството за економија.

**Точка 25**

Владата ја разгледа Информацијата за распределба на средствата од Буџетот на Република Македонија за 2018 година, Раздел 19101 - Министерство за локална самоуправа, Програма 4 - Активности поврзани со децентрализација, Подпрограма 40 - Активности поврзани со децентрализација, Категорија 46, Ставка 464 - Разни трансфери наменети за поддршка на имплементацијата на локалните акциски планови во единиците на локална самоуправа каде такви планови се усвоени, а се изработени врз основа на Стратегијата за Ромите во Република Македонија 2014 - 2020 година, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за распределба на средства од Буџетот на Република Македонија за 2018 година за поддршка на имплементацијата на Декадата и Стратегијата за Ромите, во предложениот текст.

**Точка 26**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со барање од Еуростандард банка АД Скопје за спогодбено надминување на спор од имотно-правен карактер, ја усвои Информацијата и заклучи да ги задолжи Министерството за финансии, Државното правобранителство на Република Македонија и Агенцијата за катастар на недвижности, во рок од 30 дена до Владата да предложат конкретни мерки како да се надмине настанатиот имотно-правен однос со засегнатите деловни банки.

**Точка 27**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за потпишување на меморандумот за соработка помеѓу Владата на Република Македонија, УНОПС и Министерството за надворешни работи на Кралството Норвешка, претставувано од амбасадата на Кралството Норвешка за Србија, Македонија и Црна Гора, со усогласен текст на Меморандум, ја усвои Информацијата и го прифати усогласениот текст на Меморандумот за соработка помеѓу Владата на Република Македонија, Министерството за надворешни работи на Кралството Норвешка претставувано од Амбасадата на Кралството Норвешка за Србија, Македонија и Црна Гора и УНОПС .

**Точка 28**

Владата го одложи од разгледување Предлог-законот за изменување и дополнување на Кривичниот законик за наредната седница на Владата што ќе се одржи на 12.12.2018 година.

**Точка 29**

Владата го одложи разгледувањето на Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за судовите за наредната седница, која ќе се одржи на 12.12.2018 година (среда).

**Точка 30**

Владата го одложи разгледувањето на Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за Судскиот совет на Република Македонија, за наредната седница, што ќе се одржи на 12.12.2018 година (среда).

**Точка 31**

Владата го одложи разгледувањето на Предлог-законот за извршување на санкциите, за наредната седница на Владата, што ќе се одржи на 12.12.2018 година (среда).

**Точка 32**

Владата го одложи разгледувањето на Предлог-законот за прекршоците, за наредната седница на Владата, што ќе се одржи на 12.12.2018 година.

**Точка 33**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата со анализа за примената на Законот за правда за децата, за период јануари - јуни 2018 година и го усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика, во соработка со Јавната установа Завод за социјални дејности -Скопје до Министерството за правда на секои шест месеци да доставуваат информации за примената на Законот за правда за децата, со податоци за примената на мерки на помош и заштита од страна на центрите за социјална работа.

2. Се задолжува Министерството за внатрешни работи до Министерството за правда на секои шест месеци да доставува информации за примената на Законот за правда за децата во постапувањето на овластените службени лица од Министерството за внатрешни работи.

**Точка 34**

Владата го разгледа Извештајот за учество на припадник на Армијата на Република Македонија во мировната операција на Обединетите Нации „УНИФИЛ“ во Република Либан, го прифати и заклучи да се достави до Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата во Собранието се определени м-р Радмила Шекеринска, заменичка на претседателот на Владата на Република Македонија и министерка за одбрана и д-р Беким Максути, заменик на министерот за одбрана, а за повереник Драган Николиќ, државен секретар во Министерството за одбрана.

**Точка 35**

Владата го разгледа Извештајот за учество на припадници на Армијата на Република Македонија во мировната операција „Одлучна поддршка“ во Исламската Република Авганистан, го прифати и заклучи да се достави до Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата во Собранието се определени м-р Радмила Шекеринска, заменичка на претседателот на Владата на Република Македонија и министерка за одбрана и д-р Беким Максути, заменик на министерот за одбрана, а за повереник Драган Николиќ, државен секретар во Министерството за одбрана.

## Точка 36

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата за Акциски план на Националната стратегија за сајбер безбедност 2018-2022, со Акциски план и го усвои со следниве заклучоци:

1. Го прифати новиот текст на Акцискиот план на Националната стратегија за сајбер безбедност на Република Македонија 2018-2022.

2. Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација до 31.12.2018 година да подготви и до Владата да достави Предлог-решение за изменување и дополнување на Решението за формирање на Национален совет за ИКТ за проширување на надлежноста.

3. Се задолжува министерот за информатичко општество и администрација до 31.12.2018 година да формира работна група во која членови ќе бидат претставниците од Работната група која ги подготвуваше стратешките документи од областа на сајбер безбедноста.

## Точка 37

Владата го разгледа Предлог-законот за практикантство (најнов текст), го утврди и заклучи согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да го достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени Мила Царовска, министерка за труд и социјална политика и Ѓонул Бајрактар, заменик на министерот за труд и социјална политика, а за повереници Јована Тренчевска, државна секретарка во Министерството за труд и социјална политика и Мирјанка Алексевска, раководителка на сектор во Министерството за труд и социјална политика.

## Точка 38

Владата ја донесе Програмата за изменување на Програмата за превентивни мерки за спречување на туберкулозата кај населението во Република Македонија за 2018 година (нов текст), во предложениот текст.

## Точка 39

Владата го донесе новиот текст на Програмата за изменување на Програмата за обезбедување средства за болничко лекување без наплата на учество (партиципација) за пензионери и за обезбедување на средства за специјалистичко - консултативни и болнички здравствени услуги за децата на возраст до 18 години, чии семејства се корисници на правото на социјална парична помош во Република Македонија за 2018 година, во предложениот текст.

## Точка 40

Владата го донесе новиот текст на Програмата за изменување на Програмата за обезбедување на трошоците за болни кои се третираат со дијализа и активности за

пациентите со хемофилија во Република Македонија за 2018 година, во предложениот текст.

**Точка 41**

Владата ја донесе Програмата за изменување на Програмата за задолжително здравствено осигурување на државјаните на Република Македонија кои не се задолжително здравствено осигурани за 2018 година, во предложениот текст.

**Точка 42**

Владата го донесе најновиот текст на Програмата за изменување на Програмата за заштита на населението од ХИВ инфекција во Република Македонија за 2018 година, во предложениот текст.

**Точка 43**

Владата го донесе новиот текст на Програмата за изменување на Програмата за партиципација при користењето на здравствена заштита на одделни заболувања на граѓаните и здравствена заштита на родилките и доенчињата во Република Македонија за 2018 година, во предложениот текст.

**Точка 44**

Владата го донесе новиот текст на Програмата за изменување на Програмата за едукација на лекари и медицински персонал и за кофинансирање на специјализација, односно супспецијализација на здравствените работници и здравствените соработници вработени во приватни здравствени установи, други правни лица и невработени за 2018 година, во предложениот текст.

**Точка 45**

Владата го донесе најновиот текст на Програмата за изменување на Програмата за лекување на ретки болести во Република Македонија за 2018 година, во предложениот текст.

**Точка 46**

Владата го донесе новиот текст на Програмата за изменување на Програмата за организирање и унапредување на крводарителството во Република Македонија за 2018 година, во предложениот текст.

**Точка 47**

Владата го донесе новиот текст на Програмата за изменување на Програмата за активна здравствена заштита на мајките и децата во Република Македонија за 2018 година, во предложениот текст.

**Точка 48**

Владата ја разгледа Информацијата за подготвениот Шести извештај за имплементацијата на Ревидираната Европска социјална повелба и ја усвои Информацијата со следниот заклучок:

Се задолжува Министерството за труд и социјална политика во рок од 15 дена, преку Министерството за надворешни работи да го достави Шестиот извештај за имплементација на Ревидираната Европска социјална повелба, преведен на англиски јазик, во Генералниот секретаријат на Советот на Европа.

**Точка 49**

Владата ја разгледа Информацијата за отпочнување на постапката за формирање на Агенција за квалитетот во високото образование и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Се предлага на Комисијата за именување при Владата на Република Македонија да предложи шест члена од редот на професорите во работен однос на јавните универзитети во Република Македонија во Одборот за акредитација на високото образование и шест члена од редот на професорите во работен однос на јавните универзитети во Република Македонија во Одборот за евалуација на високото образование, имајќи ги предвид законските услови кои треба да ги исполнуваат кандидатите, најдоцна до 20 февруари 2019 година.

2. Се укажува на Интеруниверзитетската конференција да именува шест члена од редот на професорите во работен однос на универзитетите во Република Македонија во Одборот за акредитација на високото образование и шест члена од редот на професорите во работен однос на универзитетите во Република Македонија во Одборот за евалуација на високото образование, избрани со тајно гласање од Интеруниверзитетската конференција, соодветно на застапеноста на универзитетите според нивното учество во вкупниот број на прв пат запишани студенти во студиска година, по претходно спроведена постапка за избор по пат на јавен повик, најдоцна до 20 декември 2018 година и да ги достави до Министерството за образование и наука.

3. Се укажува на Интеруниверзитетската конференција да избере еден член од редот на студентите во Одборот за акредитација на високото образование и еден член од редот на студентите во Одборот за евалуација на високото образование во состав на Агенцијата за квалитет на високото образование, најдоцна до 20 декември 2018 година и да ги достави до Министерството за образование и наука.

4. Се укажува на Македонската академија на науките и уметностите да именува еден член во Одборот за акредитација на високото образование и еден член во Одборот за евалуација на високото образование, во состав на Агенцијата за квалитет во високото образование, најдоцна до 20 декември 2018 година и да ги достави до Министерството за образование и наука.

5. Се укажува на Организацијата на работодавачи на Македонија да именува еден член во Одборот за акредитација на високото образование и еден член во Одборот за евалуација на високото образование во состав на Агенцијата за квалитет во високото образование,

најдоцна до 20 декември 2018 година и да ги достави до Министерството за образование и наука.

6. Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Влада на Република Македонија да обезбеди просторни услови (најмалку 300 м2) за работа на Агенцијата за квалитет во високото образование, најдоцна до 28 февруари 2019 година.

7. Се задолжува Министерството за финансии да ги обезбеди потребните средства за работа на Агенцијата за квалитет во високото образование во рамките на Буџетот на Република Македонија за 2019 година.

**Точка 50**

Владата ја разгледа Информацијата со Предлог-одлука за доделување на средства за реализирање на студиските програми за 2018 година на Приватната високообразовна установа Универзитет на Југоисточна Европа во Тетово, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за одобрување наменски средства на Универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово за 2018 година, во предложениот текст.

**Точка 51**

Владата ја разгледа Информацијата со Предлог-одлуки за доделување на средства за реализирање на студиските програми за 2018 година на Православниот Богословски факултет „Св.Климент Охридски“ - Скопје придружна членка на Универзитет „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје и на Факултетот за Исламски науки - Скопје, ја усвои Информацијата и ги донесе новите текстови на:

1. Одлуката за доделување на средства за реализирање на студиските програми за 2018 година на Факултетот за Исламски науки - Скопје, во предложениот текст.

2. Одлуката за доделување на средства за реализирање на студиските програми за 2018 година на Православниот Богословски факултет „Св.Климент Охридски“ - Скопје придружна членка на Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, во предложениот текст.

**Точка 52**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за изменување на Одлуката за намалување на цената на становите во општествена сопственост, во предложениот текст.

**Точка 53**

Владата ги донесе најновите текстови на:

1. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Јегуновце,

2. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Шуто Оризари,

3. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Штип (Вера Циривири Трена),

4. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Штип (Астибо),

5. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Чешиново Облешево,

6. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Чаир (Фидани),

7. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Чаир (Снежана),

8. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на општина Петровец,

9. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Центар (Раде Јовчевски Корчагин),

10. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Центар (Кочо Рацин),

11. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Центар (13 Ноември),

12. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Тетово,

13. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Струмица,

14. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Струга,

15. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Свети Николе,

16. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Сарај,

17. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Росоман,

18. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Ресен,

19. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Радовиш,

20. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Пробиштип,

21. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Прилеп,

22. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Пехчево,

23. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Охрид,

24. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Ново Село,

25. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Неготино,

26. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Македонски Брод,

27. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Македонска Каменица,

28. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Липково,

29. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Куманово,

30. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Крушево,

31. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Крива Паланка,

32. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Кратово,

33. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Кочани,

34. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Кичево,

35. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Кисела Вода (8-ми Март),

36. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Кисела Вода (Весели Цветови),

37. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Карпош (Мајски цвет),

38. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Карпош (Пролет),

39. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Карпош (Распеана младост),

40. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Карбинци,

41. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Кавадарци,

42. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Илинден,

43. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Дојран,

44. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Демир Хисар,

45. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Делчево,

46. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Дебар,

47. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Гостивар,

48. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Ѓорче Петров,

49. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Гевгелија,

50. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Гази Баба (Детска радост),

51. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Гази Баба (25-ти Мај),

52. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Виница,

53. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Вевчани,

54. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Василево,

55. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Валандово,

56. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Бутел,

57. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на ЈЗУ Специјална болница по генекологија и акушерство Мајка Тереза - Чаир, Скопје,

58. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза - Скопје,

59. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на ЈЗУ Специјална болница за белодробни заболувања и туберколоза "Лешок " - Лешок,

60. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Институт по белодробни заболувања кај децата - Козле, Скопје,

61. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на ЈЗУ Специјална болница за белодробни заболувања и туберкулоза - Јасеново, Велес,

62. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Богданци,

63. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Берово и

64. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Аеродром,

во предложените текстови.

**Точка 54**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за дополнување на Одлуката за утврдување на стратешките приоритети на Владата на Република Македонија во 2019 година, во предложениот текст.

**Точка 55**

Владата ги донесе:

1. Одлуката за одобрување на средства од Буџетот на Република Македонија (нов текст) и

2. Одлуката за основање на Јавно претпријатие Колекторски систем (нов текст), во предложените текстови.

**Точка 56**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанување на важењето на Одлуката за престанок и за давање на времено користење на недвижна ствар на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство - Управа за хидрометеоролошки работи, во предложениот текст.

**Точка 57**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавната установа Национален парк Маврово, Маврови Анови, во предложениот текст.

**Точка 58**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавната установа Национален парк Пелистер, Битола, во предложениот текст.

**Точка 59**

Владата ја донесе Одлуката за престанување на важењето на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Здружението Нуркачки центар „Амфора“-Охрид, во предложениот текст.

**Точка 60**

Владата ги разгледа Предлог-одлуката за изменување на Одлуката за формирање на Дигитален форум за информатичко комуникациски технологии и Предлог-решението за назначување на членови на дигиталниот форум за информатичко комуникациски технологии и притоа заклучи:

1. Го донесе новиот текст на Одлуката за изменување на Одлуката за формирање на Дигитален форум за информатичко комуникациски технологии, во предложениот текст.

2. Предлог-решението за назначување на членови на дигиталниот форум за информатичко комуникациски технологии да се донесе на наредната седница на Владата.

**Точка 61**

Владата го разгледа Барањето на Мехмед Баха Акдевелиоглу, за прием во државјанство на Република Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија и имајќи ги предвид мислењата на Министерството за финансии и Министерството за економија утврди негативно мислење по Барањето.

**Точка 62**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари на Јавната установа Меѓуопштински центар за социјална работа на Град Скопје (нов текст), во предложениот текст.

## Точка 63

Владата ја донесе Одлуката за отстапување на нафтени деривати од задолжителните резерви на нафта и нафтени деривати на Државниот студентски дом „Кочо Рацин“-Битола, во предложениот текст.

Истовремено, Владата заклучи трошоците за акциза и ДДВ за отстапените нафтени деривати да бидат на товар на Државниот студентски дом „Кочо Рацин“ - Битола.

## Точка 64

Владата го симна од Дневен ред Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за заштита и благосостојба на животните, поднесен од група пратеници

## Точка 65

Владата ја разгледа Информацијата за енормното загадување на амбиентниот воздух во Република Македонија, подготвена од група пратеници и притоа го утврди следново мислење:

Загаденоста на воздухот во Република Македонија е проблем со кој се соочуваме повеќе години. Имено, согласно податоците од Државниот автоматски мониторинг систем за квалитет на амбиентен воздух (ДАМСКВ), најкритична загадувачка супстанца се цврстите честички (PM10) чии измерени концентрации често ја надминуваат среднодневната гранична вредност од 50 ¤g/m3 (особено во зимскиот период), како и дозволениот број на денови (35 денови во текот на една година). Исто така, просечната годишна гранична вредност е надмината во сите урбани средини.

На следниот графикон, на кој е претставен тренд на просечна годишна концентрација на PM10 за сите мерни места од ДАМСКАВ, се забележува дека ситуацијата не е влошена туку високо загадување на воздухот се забележува во целокупниот прикажан тренд од 2005 - 2017 година.

Што се однесува до податокот за измерена концентрација од 1999 ¤g/m3 PM честички во Општина Ѓорче Петров, ве информираме дека истата е измерена од сензор кој не е инсталиран од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање и истиот не е во сопственост на Министерството за животна средина и просторно планирање. Податоците од извршените мерења со ваков тип на сензори не може да се земат во предвид ниту за индикативни мерења, со оглед на тоа дека имаат до 50 % мерна несигурност. Во продолжение е даден цитатот од FB страната на Мој Воздух, во кој се укажува на настанатата грешка при мерењето.

„МојВоздух - MojVozduh, November 4 at 9:27 PM

Поради денешната забуна за станицата во Ѓорче Петров, појаснување на изворот на податоци во МојВоздух:

МојВоздух има (засега) 2 извори на податоци:

1) Мерните станици под Министерство за животна средина и просторно планирање

2) Мерните станици од проектот Skopje Pulse под Netcetera Macedonia

Првите се дел од државната мрежа, и нивните податоци се официјално користени од институциите, ЕУ, како и другите апликации за загадување.

Вторите се дел од волонтерска мрежа, поставени и управувани од волонтери. Тие се стремат да ја зголемат покриеноста на мерењата во рамките на Скопје, како и да мерат дополнителни податоци (пример бука).

Начинот како може да ги разликувате едните од другите е по нивното име. Станиците што се дел од волонтерската Skopje Pulse мрежа, во името содржат "(Pulse)" (пример е станицата во Ѓорче Петров). Останатите што немаат таков дел во името, се во склоп на државната мрежа под министерството.

МојВоздух - MojVozduh Толку високи мерења во само неколку одредени инстанци се скоро сигурно грешка, или статистички нерелевантни (читај се заглавило прашина во сензорот или оган бил запален веднаш до него).

Мерната мрежа на Министерството за животна средина и просторно планирање, е составена од мерни инструменти кои работат според Стандардни методи за мерење на соодветните загадувачки супстанции, со спроведени Тестови на одобрување од соодветни референтни лаборатории (најчесто од TUV), при што се задоволуваат критериумите за дозволена мерна неодреденост за часовни и годишни вредности во лабораториски услови и во услови на реални мерења, опишани во соодветните EN стандарди за референтни мерни методи.

Со цел надминување на состојбата, досега од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање изработени се национални стратешки документи и тоа национални планови (Национален план за заштита на амбиентниот воздух и Националната програма за редукција на емисии, додека во соработка со единиците на локалната самоуправа подготвени се локални планови (План за подобрување на квалитетот на воздухот во агломерација Скопски регион, План за подобрување на кавлитетот на воздухот во Општина Тетово и Пилот програма за подобрување на квалитетот на воздухот во Битола) во кои се пропишани низа мерки за подобрување на квалитетот на воздухот.

Прашањето со загадувањето на воздухот од страна на индустриските капацитети е решено со законското решение за поседување интегрирана еколошка дозвола (Закон за животна средина) од страна на истите, и во кои дозволи точно се дефинирани условите под кои операторите треба да ја извршуваат својата дејност согласно НДТ (најдобро достапните техники).

Со цел дефинирање и следење на мерките за заштита и подобрување на квалитетот на воздухот, формирана е Интерсекторската работна група за воздух во 2012 година. Истата во септември 2017 година е проширена со нови членови со повисока политичка функција за да се олесни и забрза спроведувањето на мерките од планските документи, како и мониторингот на истите.

Во декември 2017 година се донесе Уредбата за изменување и дополнување на Уредбата за гранични вредности за нивоа и видови на загадувачки супстанции во амбиентниот воздух

и прагови за алармирање, рокови за постигнување на граничните вредности, маргини на толеранција за гранична вредност, целни вредности и долгорочни цели во која се пропиша праг за алармирање и праг за информирање за суспендирани честички со големина од 10 микрометри (PM10), со цел брз, ефективен и соодветен одговор на надлежните институции во ситуации на високи концентрации на PM10 и надминување на дефинираните прагови. Воедно, воспоставен е протокол за спроведување на краткорочните мерки при надминување на прагот на алармирање. Праговите за информирање и алармирање на PM10, како и мерките кои се преземаат во случај на надминување на прагот на алармирање се дадени во прилог на ова мислење.

На предлог на Интерсекторската работна група за воздух, Владата на Република Македонија, на 40-та седница, одржана на 28.11.2017 година, ги донесе следните мерки:

1. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да достави известување при појава на отпочнување и завршување на епизода на алармантно загадување на воздухот, односно појава на надминување на праг на алармирање на загадувачките супстанци до следните органи на државна управа: Министерството за здравство, Министерството за труд и социјална политика, Државниот инспекторат за животна средина, Град Скопје и единиците на локалната самоуправа каде има епизода на алармантно загадување на воздухот.

2. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање, во соработка со Министерството за здравство, при надминување на прагот на алармирање веднаш да препорача на сите правни субјекти (работодавци) да ги ослободат од работни обврски бремените жени, лицата постари од 60 години, како и лицата со хронична астма, прележан миокарден инфаркт или мозочен удар, без разлика на возраста, со препорака на матичен лекар, да го реорганизираат работното време и лицата кои работат на отворено да работат од 11:00 до 17:00 часот и да не се организираат спортски натпревари и други културни манифестации на отворено.

3. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика, во соработка со Црвениот крст на Република Македонија и единиците на локалната самоуправа при надминување на прагот на алармирање веднаш да обезбедат прифатилишта за сместување на бездомници.

4. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика, во соработка со Црвениот крст на Република Македонија, единиците на локалната самоуправа и здравствените домови во нив при надминување на прагот на алармирање веднаш да дадат поддршка на стари осамени лица преку организирани посети.

5. Се задолжува Министерството за здравство и соодветните здравствени установи при надминување на прагот на алармирање веднаш да обезбедат услови за зголемени активности на службите за итна медицинска помош, домашна посета и патронажна служба.

6. Се задолжува Министерството за здравство при надминување на прагот на алармирање веднаш да ја задолжи Службата за итна медицинска помош да доставува информации до Институтот за јавно здравје (ИЈЗ) за бројот на повици (според дијагноза/код на МКБ10, пол, возраст, место на живеење/општина), за времетраењето на епизодата на алармантно загадување на воздухот на дневна основа се до завршување на епизодата и една недела по завршувањето.

7. Се задолжува Државниот инспекторат за животна средина при надминување на прагот на алармирање, веднаш да започне со вршење на зачестена контрола на инсталациите кои што поседуваат А-ИСКЗ дозвола, да спроведе контролни мерења на емисиите на загадувачки супстанции во амбиентниот воздух со акредитирана лабораторија, со цел да се утврди дали се применуваат пропишаните услови/мерки во Дозволата по однос на емисиите во воздух.

8. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање при надминување на прагот на алармирање, веднаш да подготви и достави препорака до инсталациите кои што поседуваат А-ИСКЗ дозвола, за намалување на капацитетот на производство (до 50%) со што од оваа мерка ќе бидат исклучени инсталациите кои што произведуваат топлинска или електрична енергија.

9. Се задолжуваат сите органи на државната управа, им се укажува на заводите, јавните претпријатија и АД во државна сопственост, а им се препорачува на агенциите, фондовите, бироата, како и на единиците на локалната самоуправа при надминување на прагот на алармирање да ја намалат (до 50%) употребата на службените возила.

10. Се препорачува на општините Кавадарци, Велес, Битола, Кочани, Куманово, Кичево, Гостивар и Струмица на советите на општините да ги разгледаат, по потреба дополнат и усвојат краткорочните мерки (дефинирани во краткорочните планови на агломерацијата Скопски регион и општина Тетово) и веднаш да започнат со нивно спроведување при надминување на прагот на алармирање на загадувачките супстанци.

11. Се препорачува на советите на општините и претпријатијата за јавен паркинг, да ја разгледаат можноста за зголемување на цената на паркинг услугата при надминување на прагот на алармирање во рок од 30 дена.

12. Се препорачува на Град Скопје да го оптимизира централизираното управување со сообраќајот во деновите кога е надминат прагот на алармирање, со цел олеснување на движењето на пешаците и велосипедистите (скратување на време на чекање на раскрсници и пешачки премини) во рок од 30 дена.

13. Се препорачува на единиците на локалната самоуправа да подготват конкретни планови за реставрација на зеленилото во општините (со идентификација на локации и начини на озеленување), во рок од три месеци.

14. Се препорачува на единиците на локалната самоуправа, доколку се предвидени зелени површини во ГУП да не може да се изврши пренамена на истите со ДУП, почнувајќи од 1.1.2018 година.

15. Се препорачува на Град Скопје, во соработка со Министерството за животна средина и просторно планирање и компаниите за испорака на топлинска енергија да најде начин за повторно приклучување на исклучените корисници и приклучување на системот каде постои соодветна инфраструктура и за тоа да ја инфомира Владата на третата наредна седница.

16. Се препорачува на единиците на локалната самоуправа да ја зајакнат инспекциската контрола на ракувачите со отпадни масла (колку се увезени, колку се складирани како

отпад, како се третираат) и да вршат зачестена контрола на сервисите кои работат со промена на маслата, при надминување на прагот на алармирање.

17. Се препорачува на Град Скопје, во соработка со општините во агломерацијата Скопски регион, Министерството за животна средина и просторно планирање и Министерството за транспорт и врски да ја разгледа можноста за подготовка на план за унапредување на велосипедскиот сообраќај и за тоа да ја информира Владата во рок од три месеци.

18. Се задолжува Министерството за внатрешни работи да подготви измена и дополнување на Законот за безбедност во сообраќајот на патиштата, со цел спроведување на мерките за ограничување и забрана на сообраќајот во услови на надминување на прагот на алармирање во рок од 30 дена.

19. Се задолжува Министерството за внатрешни работи да ја зајакне контролата на издувните гасови од возилата при нивна регистрација во техничките станици, во рок од 30 дена.

20. Се задолжува Министерството за економија во рок од 30 дена да формира работна група со претставници од Министерството за животна средина и просторно планирање и Министерството за внатрешни работи, за започнување и подготовка на измени и дополнувања на Законот за возила и/или подзаконските акти, со цел подготовка на налепница за возилата, согласно еколошки стандарди.

21. Се задолжува Министерството за економија во рок од 30 дена да формира работна група со претставници од Министерството за животна средина и просторно планирање и Градот Скопје, со цел подготовка на предлог законски измени за забрана за горење јаглен во грејните тела во домаќинствата до 2020 година и за подготовка на подзаконски акти за квалитет на цврсти горива.

22. Се задолжува Министерството за економија во рок од 30 дена да формира работна група со претставници од Министерството за животна средина и просторно планирање, Градот Скопје и Министерството за финансии, со цел подготовка на информација до Владата со предлог за доделување на субвенции за електрични и хибридни возила како и субвенции за пренамена на возилата на гас, со предимство на автобусите и такси возилата.

23. Се задолжува Министерството за економија да изготви подзаконски акт за типови на печки кои се користат за загревање на домаќинствата, комерцијалните објекти и други институции кои индивидуално се загреваат до крајот на 2018 година.

24. Се задолжува Министерството за економија да подготви и во рок од 30 дена до Владата да достави информација за рокот на реализација и проблемите при реализација на сите проекти од примарната гасификација, како и за секундарното гасифицирање во државата.

25. Се задолжува Државниот пазарен инспекторат да ја зајакне контролата на квалитетот на течни горива, во рок од 30 дена.

26. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика, во соработка со Министерството за економија да подготви и во рок од 30 дена до Владата да достави информација со предлог за субвенционирање на мерката замена на стара печка на дрва за нова, за социјално загрозените граѓани.

27. Се задолжува Министерството за транспорт и врски да врши зачестени контроли на меѓуградските автобуси во однос на дозволеното застанување на одредени стојалишта во внатрешноста во градот, согласно Одлуката на Град Скопје.

28. Се задолжува Министерството за транспорт и врски да подготви и во рок од 60 дена до Владата да достави Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за градба, во насока на тоа услов при издавање на дозволи за градба на колективни живеалишта (згради) да биде наведен и регулиран начинот на затоплување, при што да се наведе дека во области каде е достапен централниот систем на парно греење истиот да биде задолжителен.

29. Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија, во соработка со Министерството за финансии да подготви и во рок од 30 дена до Владата да достави план за набавка на електрични службени возила за сите органи на државната управа.

30. Се задолжуваат сите органи на државната управа, им се укажува на заводите, јавните претпријатија и АД во државна сопственост, а им се препорачува на агенциите, фондовите, бироата, како и на единиците на локалната самоуправа во рок од 30 дена да ја исполнат законската обврска за обезбедување на безбеден паркинг на велосипеди.

31. Се задолжуваат сите органи на државната управа, им се укажува на заводите, јавните претпрјатија и АД во државна сопственост, а им се препорачува на агенциите, фондовите, бироата, како и на единиците на локалната самоуправа, во рок од 30 дена да обезбедат услови за селектирање на отпад (започнувајќи со селектирање на хартија и пластика).

32. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање, во соработка со Инспекцискиот совет и Министерството за информатичко општество и администрација, да подготви и во рок од три месеци до Владата да достави Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за квалитет на амбиентен воздух, во насока на доделување на овластувања на постоечките комунални инспектори за инспектирање во областа на квалитетот на воздухот при надминување на прагот на алармирање.

33. Се укажува на АД ЕЛЕМ, подружница РЕК - Битола, во рок од еден месец до Министерството за животна средина и просторно планирање да достави ажуриран Оперативен план по однос на активностите кои што Комбинатот треба да ги преземе, со цел усогласување со најдобрите достапни техники предвидени за овој тип на индустриски сектор, имајќи предвид дека ажурираниот оперативен план е услов за добивање на дозволата за усогласување со оперативен план.

34. Се задолжува Министерството за финансии да ја разгледа можноста за намалување на ДДВ-то од 18 проценти на 5 проценти за испорака на топлинска енергија и за тоа да ја информира Владата во рок од 30 дена.

35. Се задолжува Дирекцијата за заштита и спасување да врши зачестени контроли над димоводните канали во индустриските објекти и домаќинствата и да доставува редовни месечни и годишни извештаи од извршените контроли до Владата, при надминување на прагот на алармирање.

36. Се задолжува Државниот завод за статистика основните демографски податоци (број на население по возрасни групи и по одделни населени места) и податоците за смртност на населението да ги доставува во форма и резолуција која одговара на барањето на Институтот за јавно здравје на Република Македонија, кој врши проценка на ризици поврзани со фактори на животна средина на годишно ниво, најдоцна до крајот на април во тековната за претходната година, а по потреба, за време на епизоди на алармантно загадување на воздухот и на дневно ниво.

37. Се укажува на ЈП „Македонски Шуми“ да подготви и во рок од 30 дена до Владата да достави информација со анализа за состојбата на дрвната маса која се користи за огрев од домаќинствата во Република Македонија, во однос на процентот на влажност и изготвениот план за постепено постигнување на стандардот од 20 проценти влажност на дрвната маса која се користи за огрев од домаќинствата во државата.

38. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање, во соработка со Министерството за здравство во рок од 30 дена да подготви медиумска кампања за подигање на јавната свест за аерозагадувањето, ефектите врз животната средина и врз здравјето на луѓето.

39. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да подготви и во рок од 30 дена до Владата да достави информација за потребните финансиски средства за акредитација на Централната лабораторија за животна средина на Министерството за животна средина и просторно планирање и за акредитација на Калибрационата лабораторија за квалитет на воздухот.

40. Се задолжува Министерството за здравство да ја задолжи Службата за итна медицинска помош да доставува на месечно ниво информации до Институтот за јавно здравје (ИЈЗ) за бројот на повици (според дијагноза/код на МКБ10, пол, возраст, место на живеење/општина), почнувајќи од 1.1.2018 година.

Со цел подобрување на квалитетот на воздухот, Владата на Република Македонија на 103-та седница, одржана на 14.11.2018 година, го разгледа и прифати Планот на акции и мерки против аерозагадувањето и го задолжи Министерството за финансии да обезбеди 98 милиони денари од Буџетот на Република Македонија за 2019 година. Имајќи предвид дека намалувањето на аерозагадувањето е за прв пат дефинирано како стратешки приоритет на Владата, со реализација на Планот се очекува намалување на загадувањето од следните извори: домашно затоплување, транспорт, индустрија, градежништво и отпад. Воедно, се очекува дека со обезбедување на доволно финансиски средства Државниот автоматски мониторинг систем за квалитет на воздух, непречено ќе функционира на сите мерни места.

Со оваа програма за намалување на загадувањето, во периодот 2019-2020 година ќе се финансираат приоритетни активности во следните области:

1. Мониторинг на квалитетот на воздухот - активностите ќе имаат за цел подобрување на системот за следење на квалитетот на воздухот преку:

- Комплетна замена на сите инструменти во мониторинг станиците;

-Примена на современи математички модели за моделирање и соодветна предикција на аерозагадувањето

2. Подобрување на капацитетите на инспекторатите за животна средина за вршење на инспекциски надзор, со цел да се обезбеди целосна примена на релевантните законски прописи за заштита на животната средина.

Активностите ќе вклучат:

- Законски измени (Инспекциски совет, Државен инспекторат за животна средина);

- Зголемен број на вработени;

- Зголемен обем на редовни контроли;

- Воведување на поефикасен систем на вршење инспекциски контроли

3. Подигнување на јавната свест преку едукативни кампањи ќе биде една од приоритетните активности во оваа програма кои ќе имаат за цел да ги информираат граѓаните за штетност од користење на нееколошки извори за затоплување, но и да ги едуцираат за алтернативните поефикасни, поеколошки и економски поисплатливи можности за греењето, транспорт, одложување на отпадот и тн.

4. Намалување на емисиите на загадувачки супстанци од затоплување во домаќинствата. Како најголем извор на загадување, најмногу активности ќе бидат имплементирани од овој сектор. Имајќи предвид дека субвенционирањето не е најсоодветниот и најефикасен начин за поттикнување на промени, а во исто време може негативно да влијае врз пазарните активности во овој сектор (понудата и побарувачката на нови технологии и енергенси за греење), активностите ќе бидат насочени кон изнаоѓање на модели за поттикнување на приватните компании да понудат посоодветни пакети, а домаќинствата полесно да можат да се одлучат да ги променат технологиите за греење. Активностите во овој сектор ќе ги постигнат следните цели:

- 10,000 домаќинства приклучени на постоечкиот топлински оператор (БЕГ). Топловодната мрежа е проширена;

- ДДВ на испорачана топлинска енергија од топлински оператор е намалена на 5%; Мерката ќе придонесе за зголемување на потрошувачката за 11%;

- 20,000 домаќинства ќе ги променат старите нееколошки печки на дрва со поефикасни печки на дрва;

- 20,000 домаќинства ќе набават инвертер клима уреди за затоплување;

- Приватни фирми кои продаваат еколошки уреди ќе добијат помош за градење на нивните капацитети и за изготвување на маркетинг стратегии и за воспоставување на партнерства со банките за да понудат поволни пакети за сите категории на граѓани;

- 10,000 домаќинства ќе ја подобрат енергетската ефикасност на домовите;

- 3,000 домаќинства ќе се приклучат на гас;

- 2,000 домаќинства од социјално ранливите категории субвенционирани да го променат начинот на греење, преку специјално дизајниран механизам за поддршка;

- Забранета продажба на јаглен за греење - донесени законски измени во 2019 година.

5. Урбано зеленило - запуштените површини и прашината се исто така голем извор на загадувањето во урбаните центри. Одложениот шут и отпад на истите површини дополнително ја влошува состојбата, а нивното често палење е премногу опасно за сите околни населби. Затоа, овие активности исто така ќе имаат приоритет во реализацијата:

- Итна реализација на планот за зазеленување со средствата од компензацијата за изградбата на гасоводот на Водно;

- Скопје без запуштени калливи површини - цел кеј на Вардар и Лепенец, други површини во урбаниот дел на градот (продолжување на иницијативата на Град Скопје за редизајнирање на јавни запуштени простори);

- ИТНО дислоцирање на сите диво-населени „населби“ од двете страни на Вардар, и нивно зазеленување

6. Менаџирање со отпад - дел од активностите во овој сектор се споменати во претходната точка. Со над 3000 мали и големи диви депонии низ цела држава, голем дел од нив лоцирани веднаш до големите градови, а многу од нив и околу главниот град, овој сектор значително придонесува кон емисиите на загадувачки супстанци. Активностите во овој сектор ќе бидат насочени кон:

- Чистење на депониите;

- Едукативни активности за намалување на создавањето на отпад и негово реискористување и компостирање на органскиот отпад;

- Поставување на мрежи во реките за собирање на отпадната пластика;

- Стимулирање на собирање, селектирање и рециклирање пластика, и други активности

7. Транспорт - загадувањето на воздухот од овој сектор најдиректно го чувствуваат граѓаните, бидејќи емисиите се емитуваат на нивото на секојдневно движење на граѓаните. Затоа, активностите од овој сектор ќе бидат насочени не само кон намалување на емисиите, туку и кон намалување на изложеноста на граѓаните дури се движат од едно до друго место. За таа цел, активностите ќе бидат фокусирани кон:

- Измени на законот за возила (Воведување на еколошки налепници, субвенции за набавка на електрични и хибридни возила, субвенции за вградување на уреди кои користат нафтен или земен гас);

- Преструктуирање на јавниот транспорт;

- Воведување на зимски режим на сообраќај;

- Воведување Park&Ride систем

8. Индустрија - големите индустриски капацитети со А и Б интегрирани дозволи, релативно малку на број, воглавно ги исполнуваат законските прописи за поставување филтри и известување за квалитетот на воздухот. Сепак, ќе се продолжи со редовни инспекциски контроли и ќе се осигура дека сите тие ги исполнуваат строгите прописи. Правните субјекти кои имаат обврска за изготвување на елаборати се голем предизвик, како и оние кои горат отпад во кругот на своите капацитети. Затоа, ќе се преземат следните активности:

- Зачестени редовни контроли;
- Измени во Законот за индустриски емисии;
- Транспарентно објавување на сите компании со валидни А и Б дозволи

9. Градежништво - градежната експанзија и непочитувањето на законските прописи за градење и обезбедување на градежните објекти во градба, и непрописното одложување на градежниот шут и отпад во последните години значително придонесува за загадувањето, меѓу другото и на воздухот. Затоа, во овој сектор ќе се реализираат следните активности:

- Зајакнати контроли на градежните активности;
- Воведување на систем за одложување на отпадот од градежните објекти преку изготвување на план за одложување на почетокот на градбата од надворешна фирма.

Со спроведувањето на мерките во различни области за кои Владата ќе обезбеди и финасиски средства, како и со зајакнувањето на капацитетите на инспекцискиот надзор и зачестени контроли во индустриските капацитети и другите правни субјекти, ќе се овозможи намалување на емисиите од поедини извори на загадување, како и подобрување на квалитетот на воздухот на подолг рок.

**Точка 66**

Владата го разгледа новиот текст на Статутот на Приватната високообразовна установа - Висока стручна школа - Факултет за бизнис економија - Скопје и притоа го утврди следново мислење:

Сите забелешки на Владата на Република Македонија изнесени во Мислењето, бр. 44-7952/1 од 18.9.2018 година се прифатени и инкорпорирани во новиот текст на Статутот.

Со оглед на тоа, Владата на Република Македонија нема дополнителни забелешки и дава позитивно мислење по новиот текст на Статутот на Приватната високообразовна установа - Висока стручна школа - Факултет за бизнис економија - Скопје.

**Точка 67**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Александра Петровска Ангеловска од Битола, за продажба на недвижен имот со имотен лист бр. 28297 за КО Битола и Имотен лист бр. 96116 за КО Битола 3 на КП бр. 11756 и по Понудата го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 68**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Стела Лазаревска од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 4225 за КО Горно Лисиче на КП бр. 4009 место викано

Пинтија и не ја прифати Понудата, имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 69**

Владата го разгледа Известувањето од извршител Јадранка Јовановска од Куманово за Налог за извршување кај пристапување кон извршување (врз основа на член 169 од Законот за извршување), под И.бр. 453/15 од 3.11.2018 година и Налог за извршување на недвижност (врз основа на член 166 од Законот за извршување) под И.бр. 625/18 од 2.11.2018 година и по Известувањето го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 70**

По оваа точка немаше предлози.

**Точка 71**

**1.** Владата по повод укажувањето на Дејан Павлески, заменик на министерот за локална самоуправа на Заедничката седница на Комисијата за политички систем и Комисијата за човечки ресурси и одржлив развој, во врска со примената на Законот за заштита од пушењето и донесените последни изменувања на овој закон, како и имајќи ги предвид реакциите на граѓаните, ги донесе следниве заклучоци:

1) Се задолжуваат Министерството за здравство и Министерството за економија - Државен пазарен инспекторат, во рок од 10 дена, да подготват и до Владата да достават информација со детална компаративна анализа во однос на регулирањето на овој сегмент во земјите-членки на Европската унија, како и извештај со податоци за тоа колку инспекции се направени во 2018 година, каде се направени и колку казни се изречени за прекршување на одредбите од Законот за заштита од пушењето.

2) Се задолжува Министерството за труд и социјална политика - Државен инспекторат за труд, во рок од 10 дена, да подготви и до Владата да достави извештај со податоци за тоа колку инспекции се направени во државните институции во 2018 година, во кои институции и колку казни се изречени за прекршување на одредбите од Законот за заштита од пушењето.

**2.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Македонија за период од 2.12.2018 година до 9.12.2018 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Македонија и Собранието на Република Македонија.

**3.** Владата ја донесе Одлуката за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Македонија за 2018 година, во предложениот текст.

**4.** Во врска со Извадокот од Нацрт-записникот од Осумдесет и деветтата седница на Владата на Република Македонија, одржана на 18.9.2018 година, Точка 51, Информација за можноста за воспоставување на јавно приватно партнерство преку формирање на современа модерна организација-платформа како ефикасен носител на хеликоптерскиот

итен медицински систем во Република Македонија (HEMS) и хеликоптерските услугите за пребарување и спасување (SAR) чија цел е подобрување на животниот стандард и безбедноста на сите граѓани на Република Македонија и сите нејзини посетители (точка 51), Владата заклучи заклучокот под реден број 1 да се измени и да гласи:

„1. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија да започне подготвителни работи за воспоставување на современа модерна организација - платформа како ефикасен носител на хеликоптерскиот итен медицински систем во Република Македонија (HEMS) и хеликоптерските услугите за пребарување и спасување (SAR), вклучително и изработка на физибилити студија за оправданост на доделување договор за воспоставување јавно приватно партнерство“.

**5.** Владата во врска со Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за вршење на услуги брз трансфер на пари, што е утврден на 68-та седница на Владата, одржана на 15.5.2018 година, заклучи пред да се достави во собраниска постапка да се интервенира во однос на одложната примена на Законот.

**<u>Точка 72</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за преземените мерки и активности во врска со старите и неупотребливи возила, со табеларен преглед, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата заклучи:

- се задолжуваат сите органи на државната управа да доставаат соодветни Предлог-одлуки за отуѓување на движни ствари (неупотребливите моторни возила), согласно Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост.

**<u>Точка 73</u>**

Владата го разгледа Тримесечниот извештај за финансиското работење на ЈП „Агро - Берза“ - Скопје за периодот јули - септември 2018 година, како материјал за информирање.

**<u>Точка 74</u>**

Владата го разгледа Тримесечниот финансиски извештај за работењето на АД „ТЕЦ Неготино“, за периодот јули - септември 2018 година, со дополнувањето, како материјал за информирање.

**<u>Точка 75</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за реализација на Акцискиот план за категоризација на одгледувалиштата на молзни грла според ризик за унапредување на квалитетот на суровото млеко за периодот од април 2018 година до септември 2018 година, како материјал за информирање.

## Точка 76

Владата ја разгледа Информацијата за подобрување на деловното опкружување и подигање на рангот на Република Македонија кај индикаторот - Услови за прекугранично тргување „Doing Business“ на Светска банка од страна на Државниот санитарен и здравствен инспекторат, како материјал за информирање.

## Точка 77

Владата ја разгледа Информацијата за недвижен имот стекнат во постапка на присилна наплата на побарувањата на Министерството за финансии во периодот од 1.1.2018 година до 30.6.2018 година, како материјал за информирање.

## Точка 78

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за бројот на запишани студенти во прва година - прв циклус на студии на јавните високообразовни установи во Република Македонија во студиската 2018/2019 година, во споредба со минатата академска година, како материјал за информирање.

## Точка 79

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за Управата за јавни приходи, по скратена постапка, го утврди и заклучи согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени д-р Драган Тевдовски, министер за финансии и д-р Ширет Елези, заменичка на министерот за финансии, а за повереници Сања Лукаревска, директорка на Управата за јавни приходи, Елена Трпковска, државна секретарка во Министерството за финансии и Сузана Стојмироска, раководителка на сектор во Министерството за финансии.

## Точка 80

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за банките, по скратена постапка (нов текст), го утврди и заклучи согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени д-р Драган Тевдовски, министер за финансии и д-р Ширет Елези, заменичка на министерот за финансии, а за повереници Елена Трпковска, државна секретарка во Министерството за финансии, Виолета Стојановска Петровска, државна советничка во Министерството за финансии и Ленче Тагасовска, раководителка на сектор во Министерството за финансии.

## Точка 81

Владата го симна од дневен ред Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за вршење на услуги брз трансфер на пари.

**Точка 82**

Владата ја донесе Уредбата за изменување и дополнување на Уредбата за спроведување на Царинскиот закон со заклучок истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 83**

Владата ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за ослободување од обврска за користење на интегриран автоматски систем за управување на вршителите на авто - такси превоз на патници, во предложениот текст.

**Точка 84**

Владата ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за исплата на средства од Буџетот на Република Македонија за 2018 година (бр.44-10476/1 од 4.12.2018 година), во предложениот текст.

**Точка 85**

Владата ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за исплата на средства од Буџетот на Република Македонија за 2018 година (бр. 44-9835/1 од 13.11.2018 година).

**Точка 86**

Владата ја донесе Одлуката за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Македонија за 2018 година, во предложениот текст.

**Точка 87**

Владата ја донесе Одлуката за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Македонија за 2018 година, во предложениот текст.

**Точка 88**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за распишување на Јавен оглас бр.12/18 за давање во закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост за површини над 3 хектари по пат на електронско јавно наддавање, со Предлог-одлука и Предлог-решение, ја усвои Информацијата и ги донесе следните заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за давање на согласност на Јавен оглас за давање во закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост за површини над 3 хектари по пат на електронско јавно наддавање, во предложениот текст.

2. Го донесе Решението за формирање на Комисија за давање во закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост за површини над 3 хектари, во предложениот текст.

**Точка 89**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за потребата од донесување на Закон за изменување на Законот за поштенските услуги, со Предлог-закон, за наредната седница, што ќе се одржи на 12.12.2018 година (среда).

**Точка 90**

Владата ја разгледа Информацијата за стечајната постапка на „Сувенир“ АД-во стечај од Самоков, ја усвои Информацијата и го задолжи Министерството за економија и стечајниот управник на АД „Сувенир“ за производство на производи со посебна намена и други производи услуги и трговија во стечај од с. Самоков, во рок од седум дена да подготват информација за статусот на реализација на договорот за купопродажба меѓу „Сувенир“ АД - во стечај од Самоков и „Реал траде Прага“ и истата да ја достави до Владата.

**Точка 91**

Владата ја разгледа Информацијата за исполнетост на условите на Друштвото за производство и трговија „Бул - Билдинг“ ДООЕЛ Пробиштип за вршење на дејност одгледување на канабис за медицински цели, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност на Решението за давање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштво за производство и трговија „Бул - Билдинг“ ДООЕЛ Пробиштип, во предложениот текст.

**Точка 92**

Владата ја разгледа Информацијата за состојбата во Јавната научна установа Институт за филм - Филмска академија во Охрид (нов текст), ја усвои Информацијата и го задолжи Министерството за образование и наука да формира работна група која ќе направи анализа на состојбата во Јавната научна установа Институт за филм - Филмска академија во Охрид и ќе предложи соодветни мерки за надминување на состојбата во Јавната научна установа Институт за филм - Филмска академија во Охрид, во рок од 15 дена од денот на формирањето на работната група.

*

*      *

На седницата се водени стенографски белешки.
Седницата заврши во 15:15 часот.

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**Драги Рашковски**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**Зоран Заев**